ПАТРИМОНИУМ.МК, година 16, број 21 / 2023
УДК: 72:69(497.761)(091)
72-05(497.761):314.15(4)

Меланија ШЕРДЕНКОВСКА

# МИЈАЧКА ГРАДИТЕЛСКА ТРАДИЦИЈА

## ВЛИЈАНИЕ НА МИЈАЧКИТЕ ГРАДИТЕЛИ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ГРАДИТЕЛСТВОТО И ГРАДБАТА НА ЈУЖЕН БАЛКАН, ДЕЛ ОД ДОКТОРСКАТА ТЕЗА: МИЈАЧКО СТАНБЕНО ГРАДИТЕЛСТВО – ПОТЕКЛО, РАЗВОЈ И ДОСТРЕЛИ

**Клучни зборови**: *Мијаци, градба, градителска традиција, тајфи, преселби, печалба*

**Апстракт**: *Во овој труд Мијачката градителска традиција се разгледува од аспект на преселбите и работата на тајфите низ Македонија и балканските земји под Османлиска владеење. Го следиме влијанието на Мијачките градителски тајфи на развојот на градбата на, за понатаму да го иницира развојот на градителството, преку активно учество на месното население во градителските тајфи, но и нивно понатамошно организирање и сопствен развој на оваа дејност. Во овој труд се поставени основите, а во докторската теза е докажана главната хипотеза – МИЈАЧКИТЕ ГРАДИТЕЛИ СЕ ЕСЕНЦИЈАЛНИТЕ ВТЕМЕЛУВАЧИ НА ГРАДИТЕЛСТВОТО НА ПРОГРАМСКИ И ОБЛИКОВНО ДЕФИНИРАНАТА КУЌА НА ЈУЖНИОТ БАЛКАН И ЗАПАДНИОТ ДЕЛ ОД МАЛА АЗИЈА.*

### ГРАДИТЕЛСТВОТО ВО МИЈАЧКИОТ КРАЈ

При анализата на градителството и градителските традиции во Македонија, и пошироко на Балканот, сите автори се согласуваат дека Мијачкиот крај е местото од каде што потекнува плејада мајстори - градители. Неколкугодишните истражувања на терен, недвосмислено упатија на нивниот особено различен начин на градба и однос кон градителството воопшто. Во минатото, во сите краишта на Македонија, селската куќа ја задржала својата утилитарност, изградена од месните мајстори или од самиот сопственик, од материјалите кои ги има во најблиската околина, ослободена најчесто од декоративните елементи, освен оние кои ги создава основната форма или конструктивниот елемент. Меѓутоа она што уште во првиот момент може да се забележи при посетата на селата на Мијаците е еден посебен однос кон куќата и градбата воопшто. Исконскиот однос кој поединецот го носи во себе кон домот, а особено односот на мајсторот кон градбата, нејзината



Сл.1 Куќи од Галичник

целовитост и секој поединечен елемент, можеме да го почувствуваме на секој чекор.

Кога се зборува за градителството во овој крај се наметнува констатацијата дека се работи за една исклучителна појава, која е длабоко вкоренета во нивното битие. Затоа може и да се зборува за карактеристиките - особина, вештина, кои со ве-



Сл.2 Куќа од Галичник



Сл.3 Куќи од Лазарополе



Сл.4 Куќи од Кучиница

кови наназад се пренесувани на генерациите кои доаѓаат, најчесто во рамките на фамилијата. Основната дарба за обработката на каменот и дрвото, нивните логички врски во една стабилна градба, а особено чувството за естетика во применетите форми и склопови на применетите материјали, била постојано надоградувана и менувана, прилагодувана на потребите и барањата. Цврстиот и масивен камен во првото, односно во првите две нивоа, силно се спротивставува на бондручната конструкција на последното ниво, затворено, најчесто, со темно обработено дрво. Основната форма добиена со извонредно избалансираниот однос - контраст на масивно и лесно, на светло и темно, на камен и дрво, богато е надополнета со едноставни, но ефектни детали, со што се создава една извонредно складна целина. Оваа слика ја дополнуваат одлично изработените отвори на вратите, обработката на прозорските отвори, аголвните камени блокови, еркерот и најживописниот елемент - ризалитите и аркадните ризалити.

Меѓутоа она што најмногу одушевува, тоа е прилагодувањето на објектите, промената на основниот тип, кој е евидентен секаде каде што можеме да го следиме градителството на овие мајстори. Климатските услови, топографијата на теренот, обичаите на месното население, често и желбите на инвеститорот се максимално почитувани, но сето тоа ни малку не ги намалува естетските вредности на објектот. Напротив во секое подрачје се создава различен и по своите особености карактеристичен лик на објект, во кој се вткајува особеноста на местото, односно се оформува препознатлива матрица на даденото место, слично на архетипската, која со мали модификации ги задоволувала широко поставените критериуми на квалитетен станбен простор. Постојано надоградувајќи ги своите искуства, особено на полето на естетиката, овие градители, во последната фаза на нивната богата дејност, се навраќаат на основните форми и отфрлајќи го еркерот, создаваат извонредно пропорционални призматични објекти, со квадратна основа и пирамидален кров. Мајсторите градители, сублимирајќи ги вековните искуства, вообличиле еден специфичен тип на куќа, карактеристичен за овој крај и неговиот, по многу нешта, специфичен начин на живот.

Разгледувајќи го градителството во овој крај, во некои основни карактеристики, неминовно се наметнува констатацијата на неговата особеност, односно исклучивост, во однос на селското градителство во останатите краишта. Според својата функционалност и естетичност, овие објекти скоро редовно ја надминуваат и градската архитектура. Оваа појава на вкоренето градителство и воопшто уметничко изразување, во дејноста и суштествувањето на ова племе, како што ќе покажат истражувањата, има есенцијална важност во развојот на градителството на просторот на Македонија, но и пошироко на јужните делови на Балканот и Мала Азија.

Посебната склоност на Мијаците кон конструкцијата, градителството и останатите уметнички занаети се должи на долговековното прифаќање на движењето на Богомилите, што доведува до раскинување на стегите, што ги наметнува институцијата Црква, а со самото тоа и ослободување на личноста и нејзините највисоки креативни и интелектуални потенцијали.

Почнуваќи од XV век, поточно од победата на Турците над Ѓорѓи Кастриоти и потполното освојување на Албанија, Мијаците се под постојан притисок од албанското население. Многу чести биле насилствата на организирани албански групи над македонското население, кое до тој период било населено длабоко во територијата на денешна Албанија. Исто така познат е и теророт на некои паши од овој крај, како што се Али паша Тепелиниски и Али паша Јанински. Од тогаш почнуваат преселбите на цели фамилии кои се населувале во Реканскиот крај, меѓутоа бидејќи насилствата на Албанските групи неретко се случувале и тука, заминувале длабоко во територијата на Македонија, на Косово, во Егејска



Сл.5 Куќи од Охрид



Сл.6 Куќи од Охрид

Македонија и Бугарија. Преселбите станале почести во XVIII век. Во Македонија тие ги населиле селата Папрадиште и Ореше во Велешкиот крај, Смилево во Битолскиот, Слепче и Еловце во Прилепскиот, Козјак во Кривопаланечкиот крај, како и во Крушево, каде се населиле заедно со Власите. Во Егејска Македонија најмногу се населувале во Костурскиот крај, а оттаму се преселуваат во Тиквешијата, Овче Поле, Радовиш, Струмица, Петрич, додека во Бугарија преселниците ги наоѓаме на целата територија.[1] Во сите краеви каде што се доселиле Мијаците, забележуваме силен развој на занаетите, кои тие особено ги познавале - градителството, резбарството и зографството.

1. ПРЕСЕЛБИ НА МИЈАЦИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА РАЗВОЈОТ НА ГРАДИТЕЛСТВОТО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

Влијанието што го имале преселбите, како и печалбарството на Мијаците, во развојот на занаетите во јужните делови на Балканскиот Полуостров, го обработувале повеќе автори. Со цел да се добие целосна слика за нивната активност ќе бидат обработени сите центри на нивната активност поединечно.

Во Велешкиот крај е многу позната дејноста на мијачките мајстори - градители. Во втората половина на XVIII век и почетокот на XIX век, е забележано помасовно доселување на цели фамилии на Мијаците. Тие се населиле во селата Папрадиште и Ореше, села кои најмногу одговараат на карактеристиките на родното место. Меѓу преселените фамилии е и фамилијата на Сиљан Рензовски од с.Тресонче, кој е еден од првите познати мајстори кои работеле на конаците на Емин-ага.[2] Во врска со изградбата на овие конаци постојат и народни кажувања, кои ја истакнуваат градителската вештина на мајсторите Мијаци, кои специјално биле повикани за изградбата на конакот.[3]

Мајсторите од Велес го користеле најмногу бошкачкиот таен јазик и според народните кажувања, тој им бил непознат пред доаѓањето на Мијачките мајстори.[4] Вистинските иницијатори за развојот на градителскиот занает во Велешкиот крај се доселените Мијаци, додека развојот на куќата настанува во интеракција на искуствата што ги пренесувале овие мајстори и локалните градители.

И во Охридско-Струшкиот регион познати се доселувањата на Мијаци од Река и Дебрани.[5] Исто така е добро познато дека секогаш при изградбата на репрезентативни објекти биле повикувани мајстори од Дебарско-Реканскиот крај.

[1] Д. Яранов, *Преселническо движение на Българи от Македония и Албания къмь източните Блгарски земи през XVI до XIX век,* София 1932, 63-118; А. Матковски, *Ѓурчин Кокалевски 1775-1863,* Скопје 1959, 67-86; Д. Ќорнаков, *Творештвото на мијачките резбари на балканот од крајот на XVIII И XIX век*, Прилеп 1986, 33-46.

[2] С. М. Филиповић, *Андреја Дамјановић из Велеса, зограф и неимар, (око 1813-1878),* Београд 1949, 34; А. Василев, *Бьлгарски възрожденски маьстори - живописци, резбари, строители,* София, 1965, 152.

[3] А. Светиева, *Резбани, тавани, долапи и врати во Македонија*, Скопје 1992, 137.

[4] А. Светиева, *исто*, 138.

[5] T. Smiljanić, *Debarski poljani i Mijaci,* Zagreb 1934, 67.

Така на градбата на куќата на Робевци, работел Тодор Петков од с.Гари, а изградбата на сараите на Џеладин-бег биле повикани мајстори од Река.[6]

Во XIX век, во Битола од занаетите кои на некој начин имаат врска со градителството биле развиени дограмаџиството, каменоделството, бојаџиските занаети, резбарството, притоа носители на овие занаетчиски дејности биле печалбарите од Дебар, како и Мијаците и власите од Крушево.[7] Во овој регион, низ Турските документи,[8] забележана е работата на мајсторите од Дебарско. Меѓу другите се спомнува мајстор Никола од Дебар со својата тајфа. Од сите градежни тајфи во Битолско-Преспанскиот крај, најбарани биле тајфите од Смилево и Крушево,[9] а добро познато ни е дека Смилево е населено од Мијаците а во Крушево, тие ја сочинувале половината од населението.

За развојот на градителството во Кратовско-Кривопаланечкиот регион најмногу придонеле доселувањата од Река и Дебарско[10] Познато е селото Козјак во Кривопаланечкиот регион, каде што се населиле Мијаците.[11] Според Јаранов[12] главните правци на преселбата на Мијаците према Ќустендил и Софија, поминувале низ овој регион. Покрај тоа, многу познати мајстори од Река и Дебарско работеле во овој крај.[13]

И во Скопје и неговата околина многу ценети и барани биле тајфите на Мијаците. Според кажувањата на Јован Хаџи Васиљевиќ, во овој крај мајстори-ѕидари биле главно Мијаците.[14]

Во тетовскиот крај, исто така најмногу граделе Мијаците, а и биле секогаш повикувани за изведбата на најрепрезентативните објекти. Така на изградбата на Тетовскиот конак, работел Нестор Алексиев со својот татко.[15]



Сл.7 Куќа од Крушево

Според податоците што ги дава Анета Светиева,[16] од граѓата за историјата на македонскиот народ, можеме да констатираме дека има значителен број мајстори и нивни тајфи од Македонија, а особено од Мијачкиот крај, и од местата каде се доселувале Мијаците. Така дознаваме дека најголемиот број мајстори и тајфи во 1834 година биле од Мијачкиот крај, и тоа тајфите Рекалии дунѓери, тајфа на Коста Трпче, Маркова тајфа, тајфа на Никола Ѓорѓев, Секулина тајфа, Божина тајфа и други, вкупно 100 лица. Понатаму следат податоци за тајфи од Смилево, Крушевско, Охридско, Кривопаланечко и други, т.е. онаму каде што има доселени Мијачки фамилии. Исто така се говори за мајстор Хаџи Никола Живковиќ, чија официјална служба како надзорник на јавните градби од 1834 година им била од корист на мајсторите од Македонија.

## 2. ПРЕСЕЛБИ НА МИЈАЦИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА РАЗВОЈОТ НА ГРАДИТЕЛСТВОТО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА СРБИЈА

Во својата книга Путовање по старој Србији (1878-1880), од истражувањата на терен, Поповиќ кажува дека најголемиот број мајстори ѕидари што работеле на територијата на Србија биле од Македонија. Тие особено биле активни во изградбата на градската куќа, а биле познати под името ѕидари Дебарлии.[17] Занаетот го учеле од најрана возраст, кога со своите татковци и другите мајстори од нивното место тргнувале на печалба.18 Според овој автор, Дебраните, Македонци, биле најценетите мајстори за ѕидарски, столарски и сликарски изработки.[19] Кај овој автор наоѓаме и

[6] Ц. Грозданов, *Извори за познавање на старата градска архитектура во Охрид,* Стара градска архитектура и урбанизација на градовите, симпозиум, Охрид 1964, 43-44.

[7] М. Константинов, *Занаети и еснафи во Битола и околијата,* Битола 1961, 44, 47, 48.

[8] Ј. Хаџи Васиљевић, *Град Битољ*, Београд 1911, 228.

[9] А. Светиева, *исто*, 135.

[10] Т. Џорџевић, *Кратово,* 24.

[11] Д. Ќорнаков, *Творештвото на миајчките резбари на балканот од крајот на XVIII и XIX век,* Прилеп 1986, 33-46.

[12] Яранов, *исто*, 63-118.

[13] Светиева, А., исто,.135

[14] Ј. Хаџи Васиљевић, *Скопље и његова околина,* Београд 1930, 88.

[15] Р. Волињец, Ј. Алексиевска, *Муслиманската куќа во Тетово,* Зборник на Архитектонскиот факултет Скопје, бр.7, Скопје 1984, 118.

[16] А. Светиева, *исто*, 73-74.

[17] Л.С. Поповић, *Путовање по новој Србији (1878 и 1880),* Београд 1950, 559.

[18] Л.С. Поповић, *исто*, 556, 558.

[19] Л.С. Поповић, *исто*, 352, 436, 528, 556.



Сл.8 Куќа од Велес

податоци за главниот градител на кнез Милош - Хаџи Никола Живковиќ од Македонија, познат како Хаџи Неимар.[20]

Миленко Филиповиќ истакнува дека во Метохија работеле тајфи од Дебарско и Струшки Дримкол.[21] Во оваа книга се споменуваат Даме Андреин, син на мајсторот Андреја Дамјанов, кој работел на богословијата и една црква во Призрен, како и црква во Косовска Митровица,[22] а црквата во Гњилане е изградена од Мијакот Ѓорѓи Новак Џонгар.[23] Овој автор истакнува: "се до најново време во Пештар (Санџак) доаѓале, мајстори Дебрани да градат куќи. "[24]

За градителската дејност на мајсторот Андреја Дамјанов од с.Папрадиште, а по потекло од с.Тресонче, е пишувано од повеќе автори. Еден од најновите осврти на неговото мајсторство го дава Миодраг Јовановиќ:[25] "еден од нив Андреја Дамјанов, сериозно му пркосеше на развојот на настаните и успеваше да ја превземе изградбата на црквите и таму каде што странските школувани архитекти ги имаа потиснато градителите од стариот ков." За црквата што тој ја изградил во Смедерево, Јовановиќ го цитира Шкаламер: "една од првите црквени градби која ја означува прекретницата во Српската архитектура. Дамјанов во Смедерево ја потврди својата голема вештина во конструирање на навистина монументетални градби, компилаторски ги зафаќа градителските особености на различните епохи, што на архитектонски необразованите членови на општината не им сметаше, на база на некои сличности со Манасија, да ја прифатат црквата како многу различна од барокно-класицистичките," како и Феликс Каниц, кој споредувајќи ја со другите цркви во Србија изјавува: "новата Смедеревска црква, позната во Србија и надалеку, и покрај своите мани, без сомневање е најдобра меѓу новите цркви во Србија."

Надвор од Македонија Андреја Дамјанов ги изградил црквите во Сараево, Мостар, Ниш и спомената црква во Смедерево. Андреја Дамјанов потекнува од градителско мијачко семејство. Неговиот прадедо е Силјан Рензовски, кој беше спомнат за изградбата на Велешкиот конак на Емин-ага. За него се познати податоци, дека со својата тајфа работел во Тракија, Едрене и Цариград.[26] Синовите на Силјан, Јанкула и Стефан, биле исто така градители и работеле во Солун, Драма, Кавала, Серез и Измир.[27]

За градителството на Мијаците во Србија пишува и Петар Костиќ.[28] Тој известува дека мајстори градители на црквата св.Ѓорѓи во Призрен, 1856 година, биле од Реканскиот крај. Којиќ Бранислав истакнива дека:" ...во Србија градителите на градски куќи доаѓале од Македонија,"[29] а за Ичковата куќа: ... името на неимарот (градителот), секако мора да биде од оној број мајстори кои во тоа време ги граделе подобрите куќи во Македонија... тоа може да се заклучи и по големата сличност на зградите од соодветен вид од Македонија."[30]

[20] Л.С. Поповић, *исто*, 7.

[21] С.М. Филиповић, *Различита етнолошка грађа,* С.Е.З., књ.XXX, 30.

[22] С.М. Филиповић, *Андреја Дамјановић из Велеса, зограф и неимар (око 1813-1878),* Београд 1949, 40.

[23] С.М. Филиповић, *Неимари цркве Св. Богородица у Скопљу,* Скопље 1935, 309, 310.

[24] С.М. Филиповић, *Различита етнолошка грађа,* С.Е.З., књ.XXX, 161.

[25] М. Јовановић, *Српско црквено градитељство новијег доба,* Београд – Крагујевац 1987, 97-99.

[26] Весник Вардар, 25.09.1932.

[27] *Исто*

[28] П. Костић, *Црквени живот православних срба у Призрену и његовој околини у XIX веку,* 84.

[29] П. Којић, *Стара градска и сеоска архитектура у Србији,* Београд 1949, 45.

[30] П. Којић, *исто*, 58.



Сл.9 Куќа од Костур

3. ПРЕСЕЛБИ НА МИЈАЦИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА РАЗВОЈОТ НА ГРАДИТЕЛСТВОТО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРЦИЈА

Работата на мијачките мајстори во Грција ја забележал Никос Мицопулос.[31] Тој пишува: "Луѓето што се враќаа од печалба во Сиатиста сакаа да изградат куќи на начин на кој градеа мајсторите од Западна Македонија, Дебар и Епир. Овие градители и масони патуваа далеку на југ дури до Пелопонез, на север до реката Дунав и на исток во Мала Азија. Овие градители имаа многу различни архитектонски солуции, кои одговараа на барањата на сопствениците, иако варијациите беа изведени на базично слични генерални форми." Од друга страна, материјалите и методите на градба беа исти на целата територија на која тие се движеа. Желбите на сопствениците можеа да бидат повремено различни. Таков е и случајот на просторот на истражувањето, во Сиатиста. Исто така и Филипидес Димитри, забележува дека во изградбата на куќите на целата територија на Егејска Македонија и други места во Грција, најмногу се истакнувале тајфите, па и поединци од планински делови на Западна Македонија.[32] За местата во кои ѕидарството е главно занимање на населението во Костурско, пишува Хаџи Васиљевиќ,[33] за селото Корешча, Симовски[34] пишува за селата Косинец, Старичани и Сенско, а



Сл.10 Куќи од Верија

Раптис[35] за селото Калевишта. Тоа се воедно и селата каде што има најмногу преселени фамилии од Мијачкиот крај.

4. ПРЕСЕЛБИ НА МИЈАЦИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА РАЗВОЈОТ НА ГРАДИТЕЛСТВОТО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РОМАНИЈА

За дејноста на Мијачките мајстори во Романија имаме податоци кај Васил Кнчов,[36] кој зборува за тајфите градители од Река и Дебарско, кои редовно оделе на печалба во овие подрачја. Познатиот македонски преродбеник Ѓорѓи Пулевски себе си се нарекува архитект, бидејќи уште како дете одел со татко му на печалба во Романија, во градот Турно Могурел, каде што го учел градителскиот занает.[37] Во романските документи можат да се сретнат имиња на многу мајстори од Македонија, кои таму работеле, особено во градот Браилово.[38] Авторот Јонеску (Ionescu) истакнува дека влијанието на овие мајстори - градители од Македонија е многу големо, односно дека тоа е причината поради која народната куќа од XIX век во Романија ги носи општите карактеристики на народната куќа од Македонија.[39]

---

[31] K.N. Mouteopoloψ, *Ta aphonika thσ Σiatiσta*, Qessalonikh 1988, 147-159.

[32] D. Philippides, *Greek traditional architecture,* Vol.1, Athens 1983, 25-27.

[33] Ј. Хаџи Васиљевић, *Костур и његова околина,* Beograd 1927, 28.

[34] Т. Симовски, *Населените места во Егејска Македонија*, Скопје 1978, 21.

[35] М. Раптис, *Фолклорот во јановенските села во Коструско,* Скопје 1977, 21.

[36] В. Кьнчов, *Избрани произведения,* Т.II, София 1970, 27.

[37] Ѓ. Пулевски, *Одбрани страници,* Скопје 1974, 5.

[38] B. Aniele, *Revista de cultura regionala,* Bukurest, 45.

[39] G. Ionescu, *Istoria arhitecturi in romania,* Bukurest 1965, 47.



Сл.11 Куќа од Арбанаси



Сл.12 Куќа од Тревен

5. ПРЕСЕЛБИ НА МИЈАЦИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА РАЗВОЈОТ НА ГРАДИТЕЛСТВОТО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА БУГАРИЈА

Делувањето на мајсторите и тајфите во Бугарија мора да биде разгледувано поопсежно. Освен мајсторите и тајфите кои работат како печалбари, скоро на целата територија на Бугарија, почнувајќи од XV век, се преселуваат цели фамилии доселеници од планинските краишта на западна Македонија.[40] Нивното влијание на развојот на градителството, резбарството и зографството, го забележале повеќе автори, како што се Кожухаров,[41] Иванчев,[42] Бербенлиев и Патчев,[43] Даскалов,[44] Арбалиев[45] и Јаранов.[46]

За преселбите на Македонците во Бугарија, најопсежен извештај ни дава авторот Јаранов. Вообичаено име за преселниците од Западна Македонија во Бугарија било “Арнаути.” Авторот дава две претпоставки за именувањето на преселниците. Првата е дека целата територија на западна Македонија од XV - XIX век се викала Арнаутлук, податок што не е потврден во пишаните извори од тоа време, а втората дека првите преселници во Бугарија се Македонците, кои биле населени на денешната територија на Албанија, од областите Колонија, Опара, Корчанско, Елбасанско, Мати Черменика, Голо Брдо, по што и го добиле името Арнаути, за покасно сите преселници од Македонија, да бидат препознатливи по тоа име.[47] Првите преселби за кои се знае се случувале на крајот на XV и почетокот на XVI век, во околината на Велико Трново - селата Лесковче, Долна и Средна Раковица и Арбанаси. Единствено културно и економски се издигнува селото Арбанаси, кое и денеска е познато како селото на Арбанасите.[48] Во истиот период има доселеници во Пловдивско, во селата Кара-Агач и Белиштица и во Разградско во селото Кара-Арнаути. Низ XVII век доселеници има во Татар Пазарџик, во селата Сестримо и Аканџиево, во Стара Загора во селата Арнаутино, Пстрен, Кравино и Разјакани и во Ловеч во селата Радјувене, Гозница и Катунец. Во првата половина на XVIII век се доселуваат во Горна Џумаја во селото Градево, во селата Горно Драглиште и Бања во Разлошко, во селото Воден во Ехловско, во Бели Осм во Тројанско, како и во Елховско. Шеесетите години на XVIII век ги означуваат преселбите во Брациговско, во селата Црнча, Петелница и Ели-Дере, во Мелничките села Врања и Дебрен и во селото Скребатно и Голешево во Неврокоп.[49] Освен во овие места доселеници има и во градовите Банско, Копривштица, Тројан и Тревен,[50] во Бесарабија, за кои се претпоставува дека прво се населиле во Варна и Провадија, од каде ја продолжиле својата миграција во Бесарабија, во селата Козарско, Перуштица, Ајдиниево и Крчим, во подножјето на Родопите, а во близина

[40] Д. Яранов, *исто*, 63-118.

[41] Г. Кожухаров, *Българската къща през пет столетия, края на XV век, края на XIX век,* София 1967.

[42] И. Иванчев, *Несебър и неговите къщи*, София.

[43] П. Бербенлиев, В. Партьчев, *Брациговските мајстори строители,* София 1963.

[44] Б. Даскалов, *Нъщ за трвьненскить зографи.*

[45] Г. Арбалиев, *Строителни и художествени традиции на българската архитектура,* София 1977, 13.

[46] Д. Яранов, *исто*, 63-118.

[47] Д. Яранов, *исто*, 102-104.

[48] Г. Кожухаров, *исто*, 47.

[49] Д. Яранов, *исто*, 89-90.

[50] Д. Яранов, *исто*, 72-77.

на Брацигово, селото Копиловци, Чипровско и Горно-Драглишта, во околината на Самоков.[51]

За влијанието што доселениците го извршиле на месното население, Јаранов вели: "Преселниците пренесоа многу занаети, на пример каменоделството, градителството, иконописството, резбарството и друго. Сето тоа отвори повеќе можности во стопанскиот живот, а уметничките занаети го подигнаа вкусот за естетското кај месното население, кое беше паднато во апатија."[52] "...историски е докажан фактот дека повеќето мајстори градители оделе од Македонија по целиот Балкански Полуостров ...мајсторите што работе во Бугарскиот и Сливенскиот крај, исто така доаѓале повеќето од Дебарско, Костур и Крушево, "пишува Иванчев.[53]

Бербенлиев и Патчев во книгата Брациговските мајстори строители, истакнуваат дека "...почетокот на градежната дејност на Брациговците треба да ја бараме во Западна Македонија...тие биле мајстори градители со богато искуство и потцртана уметност...се ориентирале кон Татар Пазарџик, Пловдив и околните села, каде што почнале да градат куќи, цркви, џамии, мостови, кули и друго. Нивната дејност се шири и по другите краишта на Балканот, како што се Романија и Цариград."[54]

За развојот на школите во Бугарија Асен Василев истакнува: Една од најпознатите, во творечки однос, архитектонски школи во нашата земја во времето на Преродбата е Брациговската архитектонска школа, чии творби се раширени во многу села во земјата "...кој е основателот на оваа школа не е познато. Можеби основач на школата е еден од талентираните градители, кои се преселиле од Костурско и од Горчанскиот крај на Западна Македонија.[55] Според Асен Василев некои од тие мајстори веќе имале печатени книги и раководства за архитектура. Оттука јасно може да се види стремежот за повеќе знаење и амбицијата за воречки пристап.[56] Основач на Калориферската школа е Антон Гл. Станишев, кој тука се преселил од Дебар, Македонија"[57] "Кој е основачот на Разлошката школа не е точно утврдено. Се знаат само имињата на некои мајстори кои играат во неа значајна улога. Уста Вељан се преселил од с.



Сл.13 Куќа од Брацигово

Осој, Македонија, во Банско, и е првиот познат мајстор на таа школа.."[58]

Според Арбалиев[59] во Бугарија во овој период активно творат три градителски школи - Брациговската, Трновската и Одринската и четири резбарски школи - Калоферската, Разлошката, Тревенската и Самоковската. Во овој преглед тој ги вбројува и Македонската градителска школа и Дебарската резбарска школа. Тој дава свое гледиште за развојот на Македонската резбарска и градителска школа и нејзиното влијание на архитектурата во соседните земји. За градителската школа тој пишува: Зголемувањето на националното чувство, нараснувањето на економската моќ и култура на "бугарското население"[60] низ епохата на Взраждането даваат извонредни остварувања во уметноста и архитектурата во западните региони на Македонија и особено во селата вдолж течението на Горна Река (Радика) и на Мала Река, која се влива во неа. Тоа е реон со богата градителска и уметничка традиција, чиј развој во периодот на Преродбата достигнува до големо совршенство.... Во архитектурата на Македонската школа многу силно се изразени врските со националните традиции како во поглед на вградувањето на констру-

[51] Д. Яранов, *исто*, 81-85.

[52] Д. Яранов, *исто*, 72-73.

[53] И. Иванчев, *исто*.

[54] П. Бербенлиев, В. Партъчев, *исто*.

[55] Г. Арбалиев, *исто*, 105.

[56] Василев, А., исто.

[57] Г. Арбалиев, *исто*, 141.

[58] Г. Арбалиев, *исто*, 141.

[59] Г. Арбалиев, *исто*, 103 - 164.

[60] наводници од авторот.



Сл.14 Куќи од Соколовци, Смоленско

ктивните елементи, така и во оформувањето на архитектонскиот детал. Љубовта спрема дрвото наоѓа достојно место во градителството и украсувањето на многу творби од оваа школа. Но во неа се прават и сериозни истражувања за развојот на традициите и во адаптирањето кон потребите на новиот живот. Како резултат на творечките барања на мајсторите од оваа школа во архитектурата на црковните објекти се воведуваат значително помонументетални форми од оние на традиционалните решенија. Во оформувањето на ентриерите се развиваат многубројни новини - полуцилиндрични апсиди, слепа купола, висечки арки, ажурен парапет, како средство за зголемување на визуелното и уметничко доживување на внатрешните простори. Без сомнение сето ова укажува на базичното влијание врз разојот на архитектурата не само во Македонија, туку и во соседните региони, каде што се поставени творечки контакти со мајсторите од другите школи. Во поглед на резбарството, за Дебарската резбарска школа, како што овој автор ја нарекува, изјавува: Богата и разноврсна е дејноста на Мијачките мајстори. Тие работат иконостаси и тавани на целиот Балкански Полуостров. Некои од нив стигнуваат дури и во Италија. Како е создадена Дебарската школа, кој е нејзиниот основач, не се знае точно. Можеби мајсторите од атонскиот и зографскиот манастир се првите оснивачи на школата. А можеби имало и месна традиција, па дејноста се развива како последица на тоа.[61]

За поцелосно согледување на информациите кои се однесуваат на преселбите на Мијаците во Бугарија, според Јаранов[62] и почетокот и развојот на Преродбенските школи според Арбалиев,[63] изработена е карта во која графички се внесени податоците за преселбите на Мијаците во Бугарија и евидентираните градителски и резбарски школи. Од приложената карта евидентно е дека еден или повеќе векови пред појавата на секоја Преродбенските школа поединечно, во местата на настанокот, и нивната непосредна околина, како и во местата на главната дејност на школите, евидентирана е преселба на фамилии од Мијачкиот крај.

Така во Велико Трново, каде што се развива градителската школа, Мијаците се доселиле во XV и XVI век, во Тревен, каде што има развиено градителска и резбарска школа доселеници има во XVIII. Тука треба да се истакне влијанието и на доселениците во околните градови Разград, Ловеч и Тројан. Во Брацигово, со извонредно развиена градителска школа, доселеници има во XVII и XVIII век, како и во околните градови Пазарџик, во XVI и Пловдив во XVII век. Истото се случува и во резбарските школи во Бугарија. Во градот Самоков, каде се развива резбарска школа, има доселеници во XVIII век, а во Разлошката резбарска школа уште во XVII век. Тука треба да се истакне дека почнувајќи од XV век во околината на овие градови има постојани доселувања на Мијаците и тоа градовите Горна Џумаја, Банско, Неврокопско и Мелник. За Калоферската резбарска школа, основно е постојаното доселување на мијачките фамилии во околните градови Копривштица, Карлово и Стара Загора, континуирано од XV век. Исклучок е само Едренската школа, која се развива на сосема поинаков начин од останатите. Сепак и во нејзината близина има преселба на Мијаци, во градовите Елхово и Свиленград, во XVII век. За почетокот, карактеристиките и дејноста на оваа школа, најпрецизни податоци дава авторот Арбалиев:[64] Појавата и развојот на Едренската архитектонска школа е поврзано со еден од најголемите градови во Османската Империја, Едрене, кој бил втор по големина град по Истанбул. ...Интензивниот развој на Едрене како стопански и трговски центар го привлече вниманието на многу мајстори од планинските региони на Балканскиот Полуостров....За кратко време тој прераснува во центар на развиено градителство и размена на искуства меѓу дојдените мајстори - градители, резбари и зографи. Во градителството на Едрене се сретнуваат градителските и уметничките традиции од многу места, кои заемно се обогатуваат, развиваат и усовршуваат. Придобиеното огромно искуство во изградбата на Едрене игра важна улога во напредокот на градителството на редица други градови. Многу од мајсторите, кои размениле богато искуство меѓу себе и добиле нови знаења од своите колеги, повторно завршуваат во родните места, каде се зафаќаат со зна-

[61] Г. Арбалиев, *исто*, 103 - 164.

[62] Д. Яранов, исто, 63-118.

[63] Г. Арбалиев, *исто*, 103 - 164.

[64] Г. Арбалиев, *исто*, 103 - 164.

чително поинтензивно градителство. Искуството брзо се усвојува од надарените мајстори. Во така создадената творечка атмосфера се појавуваат талентите на многу народни творци, врз искуството, не само на животната сила на националните традиции, туку и вештото пронаоѓање нови идеи за развојот на тие традиции и нивното умешно приспособување кон потребите на новиот живот.

## 6. ЗАКЛУЧОК

Од сите овие кажувања можеме да заклучиме дека е евидентно влијанието на мијачките мајстори во востановувањето и развојот на Јужнобалканската преродбенска архитектура и уметност. Сведоштво за тоа се директните тврдења на истражувачите на оваа традиционална архитектура, кои беа цитирани а индиректните се веќе цитираните податоци за преселбите на Мијаците на Балканскиот Полусотров и нивните директни влијанија на развојот на градителството и уметничките занаети. Сите овие автори со недвосмислена цврстина го истакнуваат исклучителното влијание што го имаат Мијачките градители, врз развојот на градителството и градителскиот занает на Балканскиот Полуостров. Ова влијание се појавува на две нивоа.

Првото ниво е нивното печалбарство, организирано во тајфи, во сите делови на Балканот, кои ги завладува Турската империја. Тие биле барани мајстори, особено за изградба на куќи, цркви и други јавни и репрезентативни објекти. Како одлични мајстори, биле насекаде барани, меѓутоа и специјално повикувани при градбата на репрезентативните објекти. На тој начин ги пренесувале искуствата на градење куќа на целата територија на Јужниот Балкан, но и вообличувале нов специфичен тип. Притоа, евидентно е прилагодувањето на искуствата на различните климатски услови, карактеристиките на теренот и околината, како и традицијата и особеностите на местото. Особено се почитувани естетските и организационите барања на сопствениците, но во уште поголема мерка и се обликувани. Одговарајќи секогаш со различен пристап, оформувана е препознатлива матрица на даденото место, слично на архетипската, која со многу мали модификации ги задоволувала широко поставените критериуми на квалитетен станбен простор.

Второто ниво на влијание, што во суштина е и многу посилно, се нивните преселби, кои почнуваат од XV век, а можеби и порано. Нивното живеење во новиот крај започнува со градење на објекти, кои во голема мерка го вообличуваат и развиваат естетскиот вкус на месното население. Така почнуваат да се градат објекти кои задоволуваат многу повисоко поставени критериуми. Новите објекти, како и пренесените искуства на вештите и опитни мајстори го иницираат развојот на градителството и останатите уметнички занаети, за покасно и месното население да ги прифати и почне да ги развива. Особено силна е дејноста на неколкуте школи во Бугарија, кои се најинтензивни во XVIII век, а за сите нив имаме сведоштва дека еден или повеќе векови претходно, во тој крај се доселуваат фамилии од Мијачкиот крај, кои во суштина го иницираат развојот на школата.




Сл.15 Карта на Бугарија, со означени преселби на Мијаците и местата на развој на Преродбенските школи

Melanija SHERDENKOVSKA

**MIJAK'S BUILDING TRADITION**

*Summary*

There is unanimous doubtless consent of scholars in their pointing out the exceptional influence exerted by the Mijak masters upon the development of the building and the construction craft in the Balkan Peninsula. The influence can be considered in two levels.

The first level concerns their migrant work. Organized in groups – "tajfas" they travelled in all parts of Balkan Peninsula that were under the role of the Ottoman Empire. There was a great demand for their services, i.e., for building houses, churches and other public representative buildings. These excellent masters were required everywhere, especially for building representative buildings. On this way, they was transferred their experience in building houses to the entire territory of the South Balkans. However, they also managed to develop their own specific type of houses. They have shown apparent skills in the adjustment of their experience to various climates, different geography of the construction area and its environment, as well as to the local traditions. The aesthetic and organizational requirements of owners were also respected.

Responding always with diverse approach, these craftsmen would shape up model recognizable for the quality of living space.

The second level of influence, which was actually much stronger, refers to their emigration having started in the 15th century. Their life in the new area would begin with building structures that were the beginnings of construction buildings that satisfied much higher standards. New structures and the experiences implemented by gifted and skilful masters had initiated the development of the construction trade and other decorative crafts, which were adopted and further evolved by the local population. Especially intense were in Bulgaria of the activities several workshops that experienced their rise in the 18th century. There is evidence concerning all Bulgarian areas that several families had immigrated half a century earlier, that initiating the development of the construction workshop.